Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
САНДО МАСЕВ п.о.
Бр. 04-410/4
15.07 201 26 год.
Струмица

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/2024) и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас бр.345/2026 од Агенцијата за администрација, Директорот на ООУ „Сандо Масев" п.о. Струмица донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по јавен оглас бр.345/2026 за вработување на административен службеник

1. За извршител на работно место – ОБН0102В01001 Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба (1) извршител се избира кандидатот со идентификациски код 9АС63С2 – **Гордана Милушева Ефтимова.**
2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла во Агенцијата за Администрација.
3. Именуваната ќе биде вработена на неопределено време и распоредена на работното место од точка 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за вработување на административен службеник.
4. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение:**

По добиената писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, Агенцијата за администрација по барање на ООУ „Сандо Масев" п.о. Струмица на ден 26.05.2026 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха" објави Јавен оглас бр.345/2026 за пополнување на работното место ОБН0102В01001 Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба (1) извршител.

Агенцијата за администрација со Решение бр.бр.10-1418/4 од 04.06.2026 година формираше Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.345/2026. По завршување на сите три фази од постапката за селекција на кандидатите, Агенцијата за администрација достави до училиштето ООУ „Сандо Масев" п.о. Струмица Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидат со најголем број на освоени бодови за работното место од точка 1 заведен под бр.10-1418/9 од 09.07.2026 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат со најголем број на освоени бодови по објавениот оглас бр.345/2026 заведен под бр.10-1418/9 од 09.07.2026 година, Директорот на ООУ „Сандо Масев" п.о. Струмица за работното место ОБН0102В01001 Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба (1) извршител го избира кандидатот Гордана Милушева Ефтимова.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Именуваната;
- Агенцијата за администрација;
- Одделение за човечки ресурси;
- Архива на директор

Директор:
Ксенија Граматикова
К. Граматикова

Република Северна Македонија ... Струмица